Образец бр.1

## План за спроведување
## на проценка на влијание на регулативата

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка |
| **Министерство:** | Министерство за финансии |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | Јордан Трајковски, раководител на Сектор |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот:** | 01.03.2012 |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**

### А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои се главните проблеми?**

- Лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита не се вклучени во системот на задолжително здравствено осигурување како осигурени лица.
- Примарната здравствена заштита за признаените бегалци и лицата под супсидијарна заштита во моментов се обезбедува преку посебни механизми, финансирани од УНХЦР (околу 8 милиони денари на годишно ниво). Меѓутоа, согласно известувањето од УНХЦР, во текот на 2011 година оваа обврска ќе треба да ја преземе Министерството за труд и социјална политика.
- Секундарната и терцијарна здравствена заштита овие лица ја остваруваат во сите здравствени установи на територијата на Република Македонија, а Министерството за труд и социјална политика ги покрива

трошоците за доспеаните фактури за лекувањата кон секоја здравствена установа одделно.

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

- Опција 1: "Не прави ништо" односно да не се менува постојната регулатива, што ќе резултира со тоа лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита да не бидат вклучени во системот на задолжително здравствено осигурување како осигурени лица, со што значително би се зголемиле трошоците на Министерството за труд и социјална политика за обезбедување на здравствени услуги за овие лица.

- Опција 2: Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, каде лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита ќе бидат вклучени во системот на задолжително здравствено осигурување како осигурени лица, со што трошоците на Министерството за труд и социјална политика за обезбедување на здравствени услуги за овие лица би биле во рамки на обезбедените средства за оваа намена. Така, во целост би била покриена примарната, секундарната и болничката здравствена заштита идентично како и македонските граѓани, односно и овие лица ќе бидат обврзани да плаќаат партиципација за добиената здравствена услуга.

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

- Министерство за финансии, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за здравство.

## Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

- За подготовка на решенијата содржани во законот се користат податоците за бројот на лицата со статус на признаен бегалец и лицата под супсидијарна заштита од Министерството за труд и социјална политика, како и податоците за средствата кои се одвојуваат секоја година за обезбедување на здравствени услуги за овие лица.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

- Не постои потреба од дополнителни податоци и информации.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

- Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

- За спроведување на проценката на влијанието на регулативата не е предвидено формирање на меѓуресорска работна група.

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси** (забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

В. Временска рамка

1. **Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?**

- Активностите за РИА се започнати во јануари 2012 година.

2. **Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

- Не се планира вклучување на надворешни консултанти.

3. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?**

- Февруари 2012 година.

Г. Ресурси

1. **Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?**

- За спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ќе се користат постојните човечки ресурси од Министерството за финансии. За спроведување на потребните анализи не се потребни дополнителни финансиски средства.